# На врвот на планината Беласица „ја извиши фортуната“, струмичанката Кристина Зимбакова постави изложба на уметнички дела

Понеделник, 03 Јуни 2019 https://www.strumicanet.com



Кристина Зимбакова, уметник од Струмица, успеа да направи изложба со уметнички дела на планински врв, изработени од лишаи и габи, истовремено ликовните дела да бидат на самата гранична линија и да испрати порака за негување на уметноста и природните убавини. Подвиг кој го забележаа педесеттина љубители на уметноста и планините, кои мораа да пешачат со часови за да стасат на планинскиот врв Сечена Скала, висок 1740 метри надморска висина.

Локацијата која се наоѓа на самата гранична линија меѓу Македонија и Грција, беше идеална да ја „извиши фортуната“. Невообичаен поглед, локација, менувањето на времето од сонце, ветер, магла, му даде свој белег на адреналин, восхит, прифаќање на пораките од изложбата на Зимбакова, која беше упорна да ја спои уметноста и природата.

„Беласица ми е омилена планина, не само заради тоа што јас сум од Струмица, туку поради тоа што таа е понеобична од другите планини, некако е подива, стрмна, непристапна. Јас сум љубител на неконвенционални простори за изложување, а Беласица некако ми дојде природно да посакам да направам изложба тука. Знаев дека тоа ќе го направам некој ден, само немав одлучено на кое место. Местото Сечена скала за прв пат го видов уште пред две години, и уште кога го видов си реков, јас тука мора еден ден да направам изложба, тоа е местото на Беласица. Мислам дека ова е најспецифично место од сите врвови на Беласица, не само поради убавината на карпата, туку и поради тоа што тука е поветровито, пружа убава глетка кон двете земји и има една ливада која на некој начин ја сече карпата на средина, а таа ливада е толку мала, но доволно голема за една ликовна изложба" - вели Зимабакова за идејата зошто токму овде ја постави својата изложба насловена „Ја извиши фортуната".

На настанот е претставен циклус од ликовни дела со истоимен наслов, како и два други во кои низ замислени стакленца во кои се микроскопираат габи се доловуваат емотивни состојби на грч, но кои завршуваат со ослободување. Од друга страна, внимателната примена на габи и лишаи во уметнички контекст се стреми и да го сврти вниманието кон овие прастари, чудесни организми.

„Габите и лишаните, тие мистични и чудесни созданија, суштества, се главното оружје изразно средство во изработката на делата. До нив доаѓа со личното истражување на терен, но некои од нив, за да стигнат во нејзините раце, патуваа илјадници километри, со помош на други влубеници и истражувачи на овие организми. Доаѓаа од Аљаска, Австралија, Аргентина, Тасманија, Индиски хималаи, Јужна Африка, САД, Хрватска… Доаѓаа во рацете на Кристина за да ги претвори во слики" - рече Соња Настовска, историчар на уметноста, која ја промовираше исложбата на Кристина на врвот на Беласица.

По едночасовното презентирање на делата на Зимбакова, публиката се спушти надоле на надморска висина од 1276 метри, во планинската куќа „Шарена чешма", каде нејзините пријатели од Планинарскиот клуб „Ентузијаст", организираа ручок за посетителите, а таа самата подготви домашна старинска баклава со боров мед.

Кристина Зимбакова во своето творештво негува интердисциплинарен пристап каде се испреплетени сликарството, поезијата и природните науки, а габите и лишаите се најзастапен медиум. Досега имала самостојни изложби во земјава, како и во Ирска, а учествувала на бројни групни изложби во Оксвордскиот театар во Англија и Музејот за уметност „Ешкенази" во САД.

**ФОТОГАЛЕРИЈА**